РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2603/1
11-08-[illegible] г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2670/1 од 15.10.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2670/1 од 15.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител на ден 15.10.2024 година е поднесена пријава врз основа на која е оформен предмет со бр. 12-2670/1 од 15.10.2024 година. Подносителот на пријавата изнесува сомнежи за неправилности при спроведување на постапката во ЈУДГ на ---- „ ---- “ ----за давање на користење простор под закуп за организирање на услуги од повисок квалитет, врз основа на Јавен повик ----година, објавен во весникот Слободен Печат. Според наводите на подносителот кој имал доставено понуда, на ----година во 11.00 часот, кога требало да почне јавното наддавање согласно јавниот повик, бил известен дека Комисијата од детската градинка најпрво требало да направи отворање на понудите, а потоа компаниите ќе бидат известени на кој ден ќе се одржи јавното наддавање. Подносителот изразува незадоволство од фактот дека за наведената

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

промена не бил известен по електронска пошта или по телефон и се сомнева на корупција во постапката по јавниот повик.

Државната комисија по разгледувањето на пријавата констатира дека со истата подносителот изразува незадоволство од постапката на јавното наддавање, која е регулирана со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 275/2019, 122/2021 и 193/2025). Согласно со член 28 став 1 од овој закон, Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот. Според став (2) од истиот член, Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Од наведеното произлегува дека подносителот на пријавата како учесник на јавното наддавање имал на располагање правни средства за заштита на своите права, преку поднесување на приговор, односно жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Државната комисија нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. Член на ДКСК